# Соопштение

КМОП СКОПЈЕ

**МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ЧОВЕКОВАТА СОЛИДАРНОСТ**

## Проектот БОНДИНГ и
## Светскиот ден на човековата солидарност

- **На денот на човековата солидарност, кој се одбележува на 20 декември, сакаме да го истакнуваме влијанието на проектот BONDING финансиран од Еразмус+, нагласувајќи ја неговата посветеност на солидарноста меѓу генерациите.**

- **Лансиравме платформа која промовира размена на искуства меѓу посветени млади поединци кои ги поддржуваат постарите лица, а со тоа поттикнувајќи простор за меѓугенерациско учење и соработка.**



20 Декември, Скопје. - Во завршната фаза на проектот BONDING, ја нагласуваме вредната посветеност на меѓугенерациската солидарност и учење по повод Светскиот ден на човековата солидарност.

Во имплементација на организации од Полска, Шпанија, Италија, Кипар, Грција и Македонија, проектот BONDING завршува на 31-ви овој месец, по двегодишно работење на промовирање на соработката меѓу генерациите преку концептот на „пријателство“ или меѓугенерациско пријателство.

Од првичното истражување за разбирање на моменталната ситуација и идентификување на најдобрите практики, до дизајнирање и спроведување на програми за обука за млади луѓе, проектните активности беа посветени на зајакнувањето на новите генерации како агенти на позитивни општествени промени.

Главната цел беше да се развие сеопфатен пристап:

**Мапирање на можностите за спријателување:** Беше спроведена детална анализа за да се разбере моменталната ситуација и да се извлечат постоечките најдобри практики, поставувајќи суштинска основа за понатамошниот развој на проектот.




**Ончајн курс „Младите се спријателуваат со постарите“:** Беше дизајнирана програма за обука за младите поединци да ги опремат како волонтери, обезбедувајќи ги потребните алатки за поддршка и збогатување на животот на постарите лица.




**Пакет со алатки за сголемување на свесноста:** Создаден е сеопфатен комплет за ширење на знаењето за функционирањето и придобивките од услугите за „спријателување“, придонесувајќи за поголемо разбирање и учество во овој тип на меѓугенерациски услуги.

**Платформа за вмрежување пријателство:** Формирана е онлајн платформа за поврзување на млади поединци заинтересирани за овие активности, олеснувајќи ја размената на искуства, знаења и најдобри практики, поттикнувајќи заедница во постојано учење.

Како што се приближуваме до завршувањето на проектот на крајот на овој месец, сакаме да го споделиме позитивното влијание на СПРИЈАТЕЛУВАЊЕТО и да ја потврдуваме нашата посветеност за промовирање на меѓугенерациската солидарност како основен столб за инклузивни и обединети општества.

За повеќе информации за проектот BONDING и постигнатите резултати, посетете ја веб страницата : www.bondingproject.eu

**КМОП Скопје** е стреми да го промовира пристапот до ресурсите и можностите на членовите на заедницата кои им овозможуваат да живеат и да се развиваат достоинствено, да го остварат својот максимален потенцијал и да станат активни членови кои придонесуваат во општеството. Целта на КМОП Скопје е:

- Зајакнување на националните капацитети за имплементација на иновативни системи за социјална заштита и модернизација на нивната рамка за обезбедување социјални услуги.
- Борба против секаков вид дискриминација и негување на заедници кои ги почитуваат и поддржуваат различностите.